Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21. 01/23 , 05/23 и 14/23), Програмата за млади на Општина Крива Паланка за 2024 година бр.09-5620/29 од 07.12.2023 година, а согласно на член 3 од Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред, Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 12.01.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

**за определување на максимален износ на финансиски средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува максималниот износ на финансиските средства за доделување на поединечна субвенција за студенти за купен дигитален уред во учебната/академската 2023 - 2024 година на оние студенти кои спаѓаат во категоријата на млади, согласно член 3 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20), кои се со адреса на живеење на подрачјето на Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Максималниот износ на финансиските средства за поедничена субвенција за студенти за купен дигитален уред по лице се определува во износ од 50% од вредноста на дигиталниот уред, но не повеќе од 6.000,оо (шест илјади) денари во нето износ.

**Член 3**

Финансиските средства од член 2 на оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024, програма АО, ставка 464990 во вкупен износ од 300.000.оо (триста илјади) денари.

**Член 4**

Начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција на студент кое спаѓа во категоријата на млади за купен дигитален уред за учебната 2023-2024 година се утврдени со Правилникот за уредување на условите, начинот и постапката за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Крива Паланка за субвенционирање на студенти жители на Општина Крива Паланка за купување на дигитален уред бр.09-95/7од 12.01.2024 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Број 09-95/ 9**
**12.01.2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**